КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# Извештај за учество на собранија на акционери за месец мај 2025 година

Јуни, 2025 година

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СОБРАНИЈА НА АКЦИОНЕРИ ВО МЕСЕЦ МАЈ 2025 ГОДИНА

## I) Општ дел

Листа на издавачи чии хартии од вредност се стекнати со средства на пензиските фондови со кои управува КБ Прво пензиско друштво АД Скопје кои одржале собранија на акционери за месец мај 2025 година.

| Компанија | СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | |
|---|---|---|
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вредноста на пензиските фондови | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје | 0,00% |
| | КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје | 1,22% |
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вкупно издадените хартии од вредност од страна на издавачот | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје | 0,00% |
| | КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје | 0,05% |
| Датум на одржување на собранието | | 30.05.2025 |
| Дневен ред | **I Процедурален дел**<br>1. Избор на претседавач на Собранието;<br>Избор на записничар (нотар): Нотар Зорица Пулејкова од Скопје;<br>Избор на бројач на гласови;<br><br>**II Работен дел**<br>2. Утврдување на дневниот ред на работниот дел;<br>3. Разгледување на Записникот од 54-та седница на Собранието на акционери одржана на 16 јули 2024 година;<br>4. Разгледување на предлози поднесени од имател(и) на приоритетни акции:<br>1. Предлог за распределба на добивката на Банката за 2024 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ којшто би се распределил за плаќање дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции;<br>2. Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје поврзано со правата на приоритетните акции;<br>3. Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции согласно нивната номинална вредност.<br>5. Донесување Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје;<br>6. Утврдување на пречистен текст на Статут на Стопанска банка АД – Скопје;<br>7. Донесување Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година;<br>8. Донесување Одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година;<br>9. Разгледување и усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година со писмено мислење од Надзорниот одбор;<br>10. Разгледување и усвојување на ревидираните Консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година со писмено мислење од Надзорниот одбор;<br>11. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2024 година со писмено мислење од Надзорниот одбор;<br>12. Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2024 година; | |

| | |
|---|---|
| | 13. Донесување Одлука за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите;<br>14. Донесување Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположлива за распределба на акционерите;<br>15. Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година;<br>16. Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции;<br>17. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година;<br>18. Донесување Одлука за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2024 година; и<br>19. Донесување Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година. |
| Претставник на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | **Гласањето беше извршено со писмена коресподенција** |

## II) Посебен дел

### СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

| Дневен ред | Одлуки | Гласање на КБ Прво пензиско друштво |
|---|---|---|
| 1. Избор на претседавач на Собранието;<br>Избор на записничар (нотар): Нотар Зорица Пулејкова од Скопје;<br>Избор на бројач на гласови | Изгласани беа изборот на претседавач, изборот на записничар (нотар) и изборот на бројач на гласови | "ЗА" |
| 2. Утврдување на дневниот ред на работниот дел | Усвоен беше дневниот ред на работниот дел | "ЗА" |
| 3. Разгледување на Записникот од 54-та седница на Собранието на акционери одржана на 16 јули 2024 година | Разгледан и усвоен беше записникот од 54-тата седница на Собранието на акционери | "ЗА" |
| 4. Разгледување на предлози поднесени од имател(и) на приоритетни акции:<br>1. Предлог за распределба на добивката на Банката за 2024 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ којшто би се распределил за плаќање дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции;<br>2. Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје поврзано со правата на приоритетните акции;<br>3. Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции согласно нивната номинална вредност. | Сопствениците на обични акции гласаа и ги одбија предлозите со доволно мнозинство, додека пак беше утврдено дека не е постигнат кворум од пријавени и претставени акционери сопственици на приоритетни акции за нивно разгледување и одлучување по нив. | "ВОЗДРЖАН" |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје ја усвои Измената и дополнувањето на статутот на Стопанска Банка АД - Скопје. | "ЗА" |
| 6. Утврдување на пречистен текст на Статут на Стопанска банка АД – Скопје | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје го утврдува пречистениот текст на статутот на Стопанска Банка АД - Скопје. | "ЗА" |
| 7. Усвојување на Предлог – Одлука за Годишна сметка и финансиските извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година | Одобрена и усвоена беше Предлог-одлуката на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје за усвојување на Годишната сметка и финансиски извештаи за 2024 година. | "ЗА" |
| 8. Донесување на Одлука за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје ги усвои Консолидираната годишна сметка и Финансиски извештаи за 2024 година. | "ЗА" |
| 9. Усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје ги усвои Ревидираните финансиски извештаи за 2024 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор. | "ЗА" |
| 10. Усвојување на Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје ги усвои Ревидираните консолидиран финансиски извештаи за 2024 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор. | "ЗА" |
| 11. Усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД – Скопје во 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје го усвои Годишниот извештај за работењето за 2024 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор. | "ЗА" |
| 12. Усвојување на Предлог - Одлука за распоредување на добивката за 2024 година | Собранието ја одобри и усвои Предлог-одлуката за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.<br><br>1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) согласно Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишните финансиски извештаи на СБ за 2024 година, оствари нето-добивка во износ од 3.547.355.580 денари.<br>2. Нето-добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година се предлага да се распредели на следниов начин:<br>○ Задржана добивка ограничена за распределба во иднина во износ од 3.055.382.000 денари и<br>○ Задржана добивка за инвестиции во износ од 491.973.580 денари. | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| 13. Усвојување на Предлог - Одлука за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите | Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобрува и усвојува прераспределбата на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, во вкупен износ од 615.000.000 денари | "ЗА" |
| 14. Усвојување на Предлог - Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите | Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобри и усвои предлог-одлуката за пренамена на неискористената задржана добивка за инвестирање во износ од денари 722.718.448 распределена со Одлука за распределба на добивката за 2023 година на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 476 од 31.05.2024 година) во задржана добивка расположлива за распределба на акционерите. | "ЗА" |
| 15. Усвојување на Предлог - одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година | Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобри и усвои предлог-одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивидендата на приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година .<br><br>1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ќе изврши исплата на дивиденда на приоритетните акции за 2024 година во вкупен износ од 1.364.664 денари, или бруто-износ од 6 денари по акција. | "ЗА" |
| 16. Усвојување на Предлог - одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции | Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобри и усвои предлог-одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции.<br><br>1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) ја одобрува исплатата на дивиденда на обичните акции во вкупен бруто-износ од 3.998.381.220 денари.<br>2. Бруто-дивиденда по акција изнесува 229 денари. | "ЗА" |
| 17. Усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје го одобри Извештајот за работа на Надзорниот одбор за 2024 година. | "ЗА" |
| 18. Усвојување на Предлог - Одлука за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2024 година | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје даде поединечно одобрување за работата на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор за 2024 година. | "ЗА" |
| 19. Усвојување на Предлог – одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година | Одлука беше одобрена и усвоена со која Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје го назначува ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за овластено ревизорско друштво што ќе врши ревизија на финансиските извештаи и книговодствената евиденција за деловната и фискалната 2025 година. | "ЗА" |

**Скопје,**
**04.06.2025 година**